**Наставна програма за**

# Слободен изборен предмет

# **Учење народни музички инструменти преку игра**

## за втор образовен период од IV - VI  одделение

**Изработи:**

**Лариса Жулина-Митовски – наставник по музичко образование во ООУ „Свети Јоаким Крчовски“- Крива Паланка**

| Наставен предмет | Учење народни музички инструменти преку игра |
|---|---|
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Слободен изборен предмет /изборни предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети |
| **Одделение** | IV – VI |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | 1. Фолклорот како материјално и нематеријално културно наследство на еден народ 16 часа<br>2.Дувачки народни инструменти 10 часа<br>3. Ударни и жичени народни инструменти 10 часа |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 36 часа полугодие |
| **Изработка на програмата** | Лариса Жулина-Митовски – наставник по музичко образование во ООУ „Свети Јоаким Крчовски“ - Крива Паланка |
| **Опрема и средства** | • Интернет, образовни софтвери<br>• Уреди за репродукција на аудио и видеозаписи (ЦД, компјутер, со пристап до интернет, звучници, смарт - табла, ЛЦД - проектор, ).<br>• Аудио- и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина.<br>• Нагледни средства (прирачници за сите инструменти, цртежи, фотографии, изработки, списанија, книги, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти) |
| **Норматив на наставен кадар** | • студии по музичка уметност, наставна насока/музичка теорија и педагогија, VII/1 или VI A (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• студии по музичка уметност, друга ненаставна насока, VII/1 или VI A (според МРК) и 240 ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа. |

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење н аведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето

***Уметничкото изразување и култура*** од Националните стандарди:

| **Ученикот/ученичката знае и/или умее:** | |
|---|---|
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот), |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни), |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од други кои се припадници на сопствената или на други култури, |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти, |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно ипошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| **Ученикот/ученичката прифаќа дека:** | |
| VIII-Б.2 | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности. |

| | |
|---|---|
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесуваат за јакнење на културниот идентитет и дигнитет, |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување, |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди:

***Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура***

| **Ученикот/ученичката знае и/или умее:** | |
|---|---|
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведув заклучоци да донесува рационални одлуки, |
| V-А.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење, |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.), |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација, |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |

| **Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:** | |
|---|---|
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава, |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува, |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина, |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации, |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби, |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план, |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество, |
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјални мрежи, и |

| | |
|---|---|
| | дигитални облаци, |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување, |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на пато кон нивно остварување, |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го полесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина, |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин, |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите, |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите. |

| **Број** | **Теми/подрачја** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| 1. | Фолклорот како материјално и нематеријално културно наследство на еден народ | 16 |
| 2. | Дувачки народни инструменти | 10 |
| 3. | Ударни и жичени народни инструменти | 10 |
| | **Вкупно** | **36 часа** |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| **1.Тема: Фолклорот како материјално и нематеријално културно наследство на еден народ (16 часа)** |
|---|
| **Знаења/вештини: (се преземаат од наставната програма за предметот)** |
| • Умее да препознае народни музички инструменти визуелно и по слух;<br>• Може да опише народни инструменти според нивните карактеристики;<br>• Знае да објасни за групите на народните музички инструменти;<br>• Може да дефинира групи на народните инструменти според начинот на добивање на тонот;<br>• Има познавање за класифицирање на народни инструменти од различни групи;<br>• Може да разликува по слух народни инструменти од различни групи.<br>• Прави разлика меѓу материјално и нематеријално народно творештво (носии, инструменти,стари градби… наспроти јазикот на еден народ, песни, игри, танци, верувања, обичаи, митови и легенди и сл)<br>• Може да опишува народни инструменти според нивните карактеристики<br>• Умее да ги класифицира во групи народните инструменти според начинот на добивање на тонот<br>• Има познавања за различните обележја на музичкиот фолклор (инструменти и мелос) кај различни традиции во македонија и во регионот |

| **Ставови/вредности** |
| --- |
| • Ја почитува традицијата на својата и другите култури како еден вид идентификациски израз<br>• Смета дека познавањето на другите традиции ја збогатува личноста на човекот<br>• Ја прифаќа важноста на знаењето за традицијата и народните музички инструменти на својот народ и други народи во регионот и светот;<br>• Верува дека разликите служат за да го утврдат личниот идентитет<br>• Ги открива начините на свирење на инструментите и нивната разлика помеѓу нив;<br>• Се залага за постојано надградување на знаењата за народното музичко творештво и своите ставови, како и вештината на свирење на народните музички инструменти ;<br>• Смета дека запознавањето со други култури и нивните обележја, значат почитување на другите;<br>• Подготвен/а е да презема активности за промовирање на народното музичко творештво. |

| Содржини (поими) и број на часови | Примери на активности: |
| --- | --- |
| • **Фолклор и неговите основни елементи (народни песни и ора, народни инструменти, народни носии и различни занаети како што се: грнчарство и филиграни)**<br><br>**(4 часа)** | Фолкор-народно музичко творештво (објаснување на терминот преку бура на идеи) и дијалог. Дискусија за потребата да се негува музичкото народно творештво. Учениците поделени во групи дискутираат дали фолклорот треба да се негува од младата популација и нивното мислење го запишуваат во заеднички образец. *(Техника за учење Т – табела: Средство за споредување на два става за иста тема ДА –НЕ или ЗА – ПРОТИВ)<br><br> |

Фолклор — поттикнати од наставникот и со негова поддршка, учениците поделени во две групи истражуваат за поимот фолклор, кој значи народно творештво и потекнува од два збора: Folk што значи народ и lore што значи творештво Со помош на наставникот доаѓаат до дефинирање на истиот. Потоа се делат на четири групи за да ги објаснат основните карактеристики на елементите на фолклорот:

1. народни песни и ора
2. народни инструменти
3. народни носии
4. различни занаети како што се: грнчарство и филиграни

Работа во групи-изработка на презентации на тема: Музичко народно творештво-фолклор.

Презентација на секоја група од активноста.

**<u>Прашање</u>:** Зошто треба да го негуваме музичкото народно творештво? Учениците поделени во групи смислуваат одговори кои ги <u>запишуваат во заеднички образец</u> *(Техника за учење:5 ЗОШТО, каде секој одговор се формулира во прашање за следното ЗОШТО, и така 5 пати по ред, при што петтиот одговор е истовремено најточниот суштински одговор на првото ЗОШТО).



| | |
|---|---|
| • **Поделба на народните музички инструменти (4 часа)** | **Народни музички инструменти** – општи карактеристики<br>Објаснување на општите карактеристики на народните инструменти и нивната поделба.<br>Запознавање со начинот на добивање тон.<br>Слушање звучни примери.<br>Одредување на групите инструменти (според начинот на добивање на тонот) – со графички организатори.<br>Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за народните инструменти (вклучително ЦД – Дигитални содржини).<br>Учениците разговараат, дебатираат, истражуваат на интернет, следат стручна литература за **народните инструменти.** |
| • **Класифицирање народни инструмент и од различни групи (4 часа)** | Набројување народни инструменти.<br>Дефинирање групи на народни инструменти според начинот на добивање на тонот.<br>Класифицирање народни инструменти од различни групи.<br>Дискусија за бојата на звукот на инструментите.<br>Изработка на табела со поими за народните инструменти и вметнување на општите карактеристики.<br>Креирање интерактивни презентации за народни инструменти од различни групи.<br>Дискусија за формата и начинот на свирење на народни инструменти од различни групи. |
| • **Разликување по слух народни инструмент и од различни групи (4 часа)** | Преку презентација на аудио- и видеоснимки на разни музички дела учениците ги препознаваат народните музички инструменти по слух<br>Препорачани композиции за реализација на темата:<br>**Канон**<br>https://www.youtube.com/watch?v=C7efPWzQ-m0 − Ако одам во Битола, инструментална музика, канон, синтисајзер, кларинет.<br>https://www.youtube.com/watch?v=UncbrHqiy3E − Старо чалгиско оро, вовед со канон и учество на кларинет, тарабука, ут, виолина.<br>**Зурла** (Наставникот прави избор од понудените примери.) |

| | |
|---|---|
| | **Тапан**<br>https://www.youtube.com/watch?v=iQ_cNxCF5Tg − Македонско оро на зурла, Гоце Димовски.<br>https://www.youtube.com/watch?v=yA1ZtLz2Ph8 − Тешкото, зурли и тапани.<br>https://www.youtube.com/watch?v=86EneC87YXg − Распукала Шар Планина – Мајовци. 9<br>https://www.youtube.com/watch?v=AGYGxHJnVqA − Џељо Десановски − Дестановска ризница. |

| **Тема 2. Дувачки народни инструменти 10 часа** |
|---|
| **Знаења/вештини:** |
| • Знае да дефинира поим фолклор и неговите основни елементи (народни песни и ора, народни инструменти, народни носии и различни занаети;<br>• Разбира како да идентификува /препознава дувачки народни инструменти визуелно и по слух;<br>• Може да опише дувачки народни инструменти според формата, етничкото потекло;<br>• Знае да објасни за начинот на добивање тон кај дувачки народни инструменти;<br>• Може да препознае дувачки народни инструменти според начинот на добивање тон;<br>• Умее да набројува народни дувачки инструменти;<br>• Разбира како да дефинира општи карактеристики на народните дувачки инструменти (форма, материјал од кој се изработени, начин на свирење и сл.)<br>• Умее да разликува по слух дувачки народни инструменти според формата, начинот на добивање звук и етничкото потекло;<br>• Знае да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување при групно или колективно музицирање; |
| • **Ставови/вредности** |
| • Ја открива поделбата на народните музички инструменти;<br>• Подготвен/а е да презема активности за успешно препознавање и именување визуелно и слухово дувачки народни инструменти;<br>• Разбира дека сопствените постигања во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |

<table>
<tr><td colspan="2">

- Стекнува знаење за класифицирање на инструментите според начинот на свирење.
- Разбира дека истражување со помош на едукативни платформи и онлајн игри овозможува интерактивно учење.

</td></tr>
<tr><td>Содржини (поими) и<br>број на часови</td><td>Примери на активности:</td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td>• Дувачки народни инструменти (Гајда и зурла)<br><br>(2 часа)</td><td>Дувачки народни инструменти: Објаснување за основните карактеристики на дувачките народни инструменти.<br>Аудио-визуелна презентација (кратки видеа и ЦД – Дигитални содржини).<br>Графички организатори за групата на дувачки инструменти.<br>Споредување на инструментите од групата според начинот на добивање звук.<br>Воочување на сличностите и разликите помеѓу инструментите на сите народи кои живеат во нашата земја.<br>Дискусија за формата и начинот на свирење на дувачки народни инструменти.<br>Разговор за познати инструменталисти на народни инструменти.<br>Учениците поделени во групи:<br>Слушање на фрагменти со инструментот гајда и зурла. Разговор за главните карактеристики на дувачки народни инструменти гајда и зурла.
<table>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Гајда</td><td>Зурла</td></tr>
<tr><td>https://bit.ly/3ShJEnh</td><td>https://bit.ly/3Sc02WE</td></tr>
</table>
</td></tr>
</table>

**Техника на учење (Графички организатори грозд )**

**Зурла**

- ✓ делови од кој е изграден инструментот;
- ✓ начин на свирење на инструментот зурла;
- ✓ боја на звукот на инструментот зурла;

**Гајда**

- ✓ делови од кој е изграден инструментот;
- ✓ начин на свирење на инструментот гајда;
- ✓ боја на звукот на инструментот гајда;

Изработка на „Грозд“ техника за инструментот гајда - Инструкции за потполнување на наставните листови: во круговите со испрекината линија треба да се внесат деловите на инструментот кои ги меморирале, а во круговите со цела линија да се внесе начин на свирење и боја на звукот на инструментот



<table>
<tr>
<td>

- **Дувачки народни инструменти: (Кавал, шупелка, дудук, двојанка)**

**(4 часа)**

</td>
<td>

Групни активности: истражување со помош на едукативната платформа "Народни музички инструменти" и воочување на сличностите и разликите помеѓу дувачките инструменти;

Објаснување за секој дувачки народен инструмент поединечно преку групна работа.

Дискусија за формата и начинот на свирење.

Разговор за познати инструменталисти на народни инструменти.

Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за дувачките народни инструменти:

Едукативната платформа "Народни музички инструменти" | Интерактивна игра/музички квиз

Интерактивна игра, која со помош на новите технологии им овозможува на учениците да истражуваат и да се запознаат со македонските народни инструменти.

Целта на играта е децата да ги научат нашите традиционални елементи и препознаваат музички инстурменти, да го изострат слухот за соодветниот звук и да добијат основно чувство за ритам.

</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Играта е од типот на квиз, со едноставен и интуитивен изглед, го држи играчот во постојана интеракција и преку континуиран фидбек го стимулира детето да не се откажува, сето тоа проследено со пријатни звучни ефекти.<br>Слушање на музички примери на композиции со дувачки народни инструменти.
<table>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Кавал</td><td>Шупелка</td></tr>
<tr><td>http://bit.ly/3y9rgWX</td><td>http://bit.ly/3WseR9Q</td></tr>
</table>
</td>
</tr>
<tr>
<td><ul><li>Свирење: Дувачки народни инструменти - утврдувањее на тоновите од тонската скала и свирење на кратки мелодиски вежби</li></ul>(4 часа)</td>
<td>Наставникот ги поттикнува учениците на изведбени активности, заеднички, во група и самостојно. Доколку има можност учениците учествуваат во изведба на песни по слух, по нотен запис, свирење на дувачки народни инструменти. Свирење на кратки мелодиски вежби на инструментите.</td>
</tr>
</table>

| **Тема 3. Ударни и жичени народни инструменти (10 часа )** |
|---|
| **Знаења/вештини:** |
| • Може да ги идентификува /препознава ударните и жичените народни инструменти визуелно и по слух;<br>• Умее да опише ударни и жичени народни инструменти според формата, етничкото потекло;<br>• Има познавања за начинот на добивање тон кај ударни и жичени народни инструменти;<br>• Прави разлика меѓу ударни и жичени народни инструменти според начинот на добивање тон;<br>• Умее да набројува народни ударни и жичени инструменти;<br>• Има познавања за разликите во свирење на инструментите;<br>• Може да дефинира општи карактеристики на народните удари и жичени инструменти (форма, материјал од кој се изработени, начин на свирење и сл.)<br>• Знае да ги класифицира ударните и жичените народни инструменти според формата, начинот на добивање звук и етничкото потекло<br>• Ја разбира разликата помеѓу ударни и жичени народни инструменти според формата, начинот на добивање звук и етничкото потекло;<br>• Знае да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување при групно или колективно музицирање;<br>• Умее да ги изразува своите емоции преку свирење; |

| Ставови/вредности |
|---|
| • Стекнува знаење за свирење на различните ударни и жичени народни инструменти;<br><br>• Прифаќа дека иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации;<br><br>• Подготвен/а е да презема активности за истражување и експериментирање со ударни и жичени народни инструменти;<br><br>• Ја прифаќа важноста на интеракцијата со другите е двонасочна — како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреба за афирмација преку заедничкото естетско изразување;<br><br>• Стекнува знаење за класифицирање на ударни и жичени народни инструменти според начинот на свирење;<br><br>• Разбира дека истражување со помош на нтерактивни игри и музички квизови овозможува унапредување на образовниот процес. |

| Содржини (поими) и број на часови | Примери на активности: |
|---|---|
| **Ударни народни инструменти (дајре, тапан, тарабука) (2 часа)** | Објаснување на поимот ударни инструменти и инструменти кои припаѓаат во групата ударни народни инструменти: дајре, тапан, тарабука.<br>Дискусија за формата и начинот на свирење на ударни народни инструменти.<br>Групно истражување-учениците поделени во групи истражуваат за ударни народни инструменти: дајре, тапан и тарабука. Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за ударните народни инструменти. |

<table>
<tr><td rowspan="3"></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Едукативната платформа<br>" Ударни народни инструменти“</td><td>Интерактивна игра/музички квиз</td></tr>
<tr><td colspan="2">Учениците ги разгледуваат материјалите и поставуваат прашања во врска со истражувањето. Групите подготвуваат презентација пред целиот клас.Секоја група ги презентира резултатите од истражувањето, а  учениците дискутираат по секоја презентација.<br>Учениците поделени во групи решаваат интерактивни наставни листови „Ударни народни инструменти“.<br>https://bit.ly/3Wvnalk<br><br></td></tr>
</table>

**Жичени народни инструменти (тамбура, канон, ут, ќемане) (2 часа)**

Објаснување на поимот жичени  инструменти  и инструменти кои припаѓаат во групата жичени народни инструменти: тамбура, канон, ут, ќемане.
Учениците поделени во групи: Истражуваат за жичени народни инструменти-тамбура, канон, ут и ќемане.Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за жичените народни инструменти:

| | |
|---|---|
| Едукативната платформа " Жичени народни инструменти" | Интерактивна игра/музички квиз |

Разговор за општите карактеристики на жичените инструменти.
Изработка на табела на поими со основните карактеристики на инструментите во однос на групата на која и припаѓаат.
Слушање на музички примери на композиции со жичени народни инструменти.

| | | | |
|---|---|---|---|
|  |  |  |  |
| **Тамбура** | **Канон** | **Ут** | **Ќемане** |
| https://bit.ly/3WwgDqo | https://bit.ly/3SdSJgQ | https://bit.ly/3zJOZ0g | https://bit.ly/4dcu58H |

| | |
|---|---|
| • **Свирење: Ударни и жичени народни инструменти**<br>**(4 часа)** | Свирење на жичени народни инструменти - утврдувањее на тоновите од тонската скала и свирење на кратки мелодиски вежби.<br>Поделба на ударни инструменти и ритмизирање на едностави ритмички вежби по слух или по нотен запис. |
| **Утврдување на народни музички инструменти**<br>**(2 часа)** | Утврдување на народни музички инструменти преку слушање на музички примери.<br>Учениците поделени во групи решаваат интерактивни наставни листови:<br>➢ ПРВА ГРУПА - https://bit.ly/3y6kHEw<br>➢ ВТОРА ГРУПА - https://bit.ly/3Wx7LBd<br>➢ ТРЕТА ГРУПА - https://bit.ly/3y8gRuM<br>➢ ЗА СИТЕ ГРУПИ - Едукативна сложувалка - Народни музички инструменти - https://bit.ly/3xV2Mkk<br><br>Креираат онлајн постери и презентации на тема „Народни музички инструменти“ и ги споделуваат на веб страната на училиштето.<br>Учениците поделени во групи, со мобилни телефони учествуваат во нтерактивната игра/музичкиот квиз.<br>Победник е групата која одговорила на најмногу точни одговори. |